Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **ЕСМ Дистрибуција на топлина Дооел - Скопје**, за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 11 (единаесет) дрва (2 јасени, 2 липи, 2 фотинии, јавор, дудинка, чемпрес, смрча, кисело дрво), како и кастрење на 16 (шеснаесет) дрва ( 9 липи, 4 јасени, каталпа, фотинија, смрча) што се наоѓаат **на ул. "Есперанто" Општина Карпош – Скопје.**
2.Сечењето и кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП Паркови и зеленило, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Се задолжува барателот **ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ** - Скопје, да изврши компензациско садење на дрвја чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресечените дрва, и тоа во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, при што дрвата во вкупен број од 11 нови високошколувани садници (1+5) треба да бидат постари од 6 години, како што е утврдено во член 36 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) во рок од 30 дена после реализацијата на точка 2 од ова решение.
4. Надзор над имплементација на точка 3 од ова решение ќе вршат Град Скопје – Сектор за комунални работи - Одделение за паркови и зеленило и ЈП „Паркови и зеленило" – Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЕСМ Дистрибуција на топлина Дооел - Скопје, ул. Лондонска бр. 8**, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/426** од **20.05.2026** година, за сечење и кастрење на дрвата што се наоѓат **на ул. "Есперанто" Општина Карпош – Скопје.**

Службеникот од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата предмет на барањето се јавно зеленило и дека се наоѓаат на трасата каде ќе се врши прекоп односно поставување и реконструкција на подземни инсталации за промена на амортизирани цевки на дистрибутивната мрежа. Барателот располага со Записник за констатација од страна на Комисијата за следење на состојбите за извршување на работите на поставување и реконструкција на подземни инсталации на Општина Карпош.

Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, . Согласно член

13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската, да се изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/426/3**
**01.07.2026** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП Паркови и зеленило, Архива

изработил:
**Марија Стојановска**

Раководител на Одделение
**Емил Дуровиќ**

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **ЕСМ Дистрибуција на топлина Дооел - Скопје**, за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: пресадување на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 1 (едно) дрво (јасен), што се наоѓа **на ул. "Есперанто" – Скопје.**
2.Пресадувањето на дрвото ќе го изврши ЈП Паркови и зеленило, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Пресадувањето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Презасадувањето треба да биде на територија на Општина Карпош.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**ЕСМ Дистрибуција на топлина Дооел - Скопје, ул. Лондонска бр. 8**, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/426** од **20.05.2026** година, за презасадување на дрвото што се наоѓа **на ул. "Есперанто" – Скопје.**
Службеникот од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвото предмет на барањето е јавно зеленило и дека се наоѓа на трасата каде ќе се врши прекоп односно поставување и реконструкција на подземни инсталации за промена на амортизирани цевки на дистрибутивната мрежа.
Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, . Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение. Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и дека барателот располага со Записник за констатација од страна на Комисијата за следење на состојбите за извршување на работите на поставување и реконструкција на подземни инсталации на Општина Карпош. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој орган има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење ) од страна на ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/426/2**
**01.07.2026** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот, ЈП Паркови и зеленило, Архива

изработил:
**Марија Стојановска**

Раководител на Одделение
**Емил Дуровиќ**

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT